Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневните настани 09.01.2024

На 08.01.2024 во 23.20 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.С.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (8 јануари) околу 18 часот во тетовско Слатино го лишиле од слобода 39-годишниот Ј.И. од ова село, затоа што при претрес извршен со судска наредба во неговиот дом и помошни простории, биле пронајдени марихуана и дробилка. Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (08.01.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 542 возачи. Од нив 39 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а седум возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 325 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 217 надвор од населено место.

На подрачјето на СВР Тетово, вчера (8 јануари) од 14 до 20 часот спроведена е акциска контрола за брзина со која се движат возилата. При контролата биле откриени и санкционирани 20 возила, односно возачи (ТЕ-18 и ГВ-2) кои ја пречекориле максимално дозволената брзина надвор од населено место, најмногу за 30 до 50 километри на час. Покрај ова, со соодветни поднесоци било заокружено и 51 (ТЕ) пречекорување на пропишаната брзина во населено место, од кои 3 за повеќе од 50 километри на час, како и 5 (ТЕ-3 и ГВ-2) други видови сообраќајни прекршоци. На возачите-прекршители изготвени им се предвидените поднесоци со парични глоби од 45 до 400 евра во денарска противвредност.

На 08.01.2024 во 16.15 часот полициски службеници од ОВР-Кавадарци го лишиле од слобода О.Н.(27) од Кавадарци, затоа што при преглед кај него биле пронајдени и одземени 75 таблети екстази, бела прашкаста материја и пари. По претходно издадена наредба од Основен суд Кавадарци, полициски службеници за недозволена трговија со дрога и оружје од Кавадарци извршиле и претрес во неговиот дом, при што била пронајдена марихуана. О.Н. е приведен во полициска станица и по документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (08.01.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 132 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 97 санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, две санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), три мерки за користење мобилен телефон при возење...

На 09.01.2024 во 13.45 часот во Скопје полициски службеници од Оперативен тим Потраги ја лишиле од слобода С.К. (52) од Скопје, која била барана со потерница по наредба на Основен кривичен суд Скопје за затворска казна од две години, во врска со чл.144 ст.2 вв со ст.1 од КЗ на РСМ. Лицето ќе биде предадено на надлежна казнено поправна установа.

На 09.01.2024 во 01.40 часот полициски службеници од СВР-Велес, го лишиле од слобода Р.Д.(32) од Велес, затоа што во семејната куќа му се заканувал на неговиот 61-годишен татко. Тој е задржан во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.01.2024 во СВР Штип е пријавено дека во свињарска фарма во село Амзабегово, светиниколско, околу 10.30 часот додека извршувал работни задачи во фармата, починал О.Т.(46) од с.Амзабегово, а смрт констатирал лекар од Итната медицинска помош Свети Николе, додека С.Ј.(53) од истото село со знаци на труење бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото на настанот извршиле јавен обвинител, увидна екипа од ОВР Свети Николе, инспектор за труд, инспектор за заштита на животна средина и од Агенцијата за храна и ветеринарство. Телото на починатиот е дадено на обдукција.

На 08.01.2024 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле санкционирани 44 прекршоци од кои, 32 надвор од населено место и 12 во населено место. Санкционирани биле и 19 други видови на прекршоци.

На 08.01.2024 година во 17.50 часот во ОВР Крива Паланка било пријавено дека настанал пожар во куќа на улицата „Единство" во Крива Паланка. Екипа на Територијалната противпожарна единица Крива Паланка го изгаснала пожарот, а повредени лица нема.

На 08.01.2024 во 18.35 часот по преземени оперативни мерки и активности полициски службеници од ОВР Кочани ја привеле Џ.К.(22) од Кочани и го повикале на службен разговор Г.Д. (39) од с.Облешево, општина Чешиново- Облешево, затоа што кај неа биле пронајдени и одземени еден сигнален пиштол, 14 неиспукани патрони и 8 испукани патрони за истиот пиштол-сигнална муниција, кој што неовластено ги зела од Г.Д., а за кои тој не поседувал соодветна документација. По комплетирање на случајот, ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 08.01.2024 во 11.10 часот на подрачјето на Шуто Оризари полициски службеници од Полициското одделение Шуто Оризари ги лишиле од слобода Е.С.(49) и А.С.(55), двајцата од Скопје, поради агресивно однесување и спречување на полициски службеници во вршење на службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.01.2024 во 17.40 часот било пријавено дека на регионалниот пат Куманово-Граничен премин Белановце, атар на село Белановце, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Б.(62) од с.Арачиново-скопско, и возило „дачиа дастер", сопственост на МВР, управувано од О.С.(43) од с.Облавце-кумановско. Во незгодата со телесни повреди се здобиле А.Б., О.С., како и уште тројца полициски службеници кои биле во возилото „дачиа" и уште три сопатнички од патничкото возило „мерцедес", констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

Денеска (09.01.2024) во 09.50 часот во Полициската станица Карпош, С.Т.(55) од Скопје пријавила дека на ул.„Орце Николов" била касната од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет